СЛУ
НА ФЕДЕРАТИ

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА ФНРЈ" излегува по потреба, во српско, хрватско, словенечко и македонско издание. — Огласи по тарифата. — Жиро сметка при Народната банка на ФНРЈ за претплата и одделни изданија бр. 1032-Т-220, за огласи 1032-Т-221

Среда, 27 март 1957
БЕЛГРАД
БРОЈ 13 ГОД. XIII

Цена на овој број е 80.— дин. — Претплатата за 1957 година изнесува 1700.— дин., а за странство 2500.— динари. — Редакција: Улица Краљевић'а Марка бр. 9 — Телефони: Редакција 28-838, Администрација 26-276, Продажно одделение 22-619, Тел. централа 28-010.

145.

Врз основа на одделот 4 главата XXVI на Сојузниот општествен план за 1957 година, Сојузниот извршен совет донесува

УРЕДБА
ЗА ФОНДОВИТЕ ЗА КАДРОВИ ВО СТОПАНСТВОТО

I. Општи одредби

Член 1

Фондовите за кадрови во стопанството се: Сојузниот фонд за кадрови во стопанството, републичките фондови за кадрови во стопанството, околиските фондови за кадрови во стопанството, Фондот за кадрови при Генералната дирекција на Југословенските железници, Фондот за кадрови при Генералната дирекција на поштите, телеграфите и телефоните и Фондот за кадрови при Управата за работи на воената индустрија на Државниот секретаријат за работи на народната одбрана.

Извршниот совет на Народна Република Црна Гора може да реши во Народна Република Црна Гора да постои само републички фонд за кадрови во стопанството.

Член 2

Средствата на фондовите за кадрови во стопанството (во натамошниот текст: фондовите) служат за давање помош за подигање, проширување и опрема на стручните училишта и нивните работилници и домови во кои се подготвуваат кадрови во стопанството, за давање помош за систематско стручно усовршување на кадровите во стопанството, како и за давање помош за редовна издршка на стручните училишта во случаите предвидени со оваа уредба.

Член 3

Средствата на фондовите се формираат од придонесот за кадрови во стопанството и од други приходи предвидени со оваа уредба.

Средствата на фондовите можат да се употребат само за намените предвидени со оваа уредба.

Член 4

За секој фонд се донесува програма за употреба на средствата за една или повеќе години.

Член 5

Приходите и расходите на фондот се предвидуваат и одобруваат со годишната претсметка на фондот врз основа на програмата за употреба на средствата.

Член 6

Средствата на фондот непотрошени во текот на една година се пренесуваат во наредната година.

Член 7

Управувањето со фондовите се засновува врз начелата на општественото управување.

Член 8

Секој фонд има свои правила.

Член 9

Фондот е правно лице.

Фондот за своите обврски одговара со сите свои средства.

II. Средства на фондовите

Член 10

Средствата на фондовите се формираат:

1) од придонесите за кадрови во стопанството,

2) од дотациите на политичкотериторијалните единици, на стопанските и општествените организации,

3) од интересите на средствата на фондовите вложени кај банката,

4) од завештанијата, подароците и прилозите од граѓаните.

Член 11

Придонесот за кадрови во стопанството го плаќаат сите стопански организации, земјоделски задруги и шумски стопанства без оглед дали се организирани како претпријатија или како установи со самостојно финансирање (во натамошниот текст: стопанските организации)

Придонесот за кадрови во стопанството го плаќаат и приватните занаетчиски и приватните угостителски дуќани, приватните сопственици на патни моторни возила што се занимаваат со јавен превоз, како и приватните бродосопственици што се занимаваат со јавен превоз во поморската и внатрешната пловидба (во натамошниот текст: приватните дуќани).

Член 12

Основица за пресметување придонесот за кадрови во стопанството што го плаќаат стопанските организации е износот на исплатените плати пресметани по време или ефект врз основа на тарифните ставови односно личниот доход на работниците и службениците.

По исклучок од одредбата од претходниот став, основица за пресметување придонесот за кадрови во стопанството што го плаќаат трговските претпријатија и дуќани што се занимаваат со внатрешен промет на стоки и угостителските претпријатија и дуќани, како и продавниците на производните претпријатија, е износот на остварениот промет по одбивање на данокот на промет.

Приватните дуќани го плаќаат придонесот за кадрови во стопанството од основицата спрема која го плаќаат и данокот на доход

Нормите на придонесот за кадрови во стопанството се утврдуваат со сојузниот општествен план.

Член 13

Стопанските организации го пресметуваат придонесот за кадрови во стопанството по нормата што важи за нивната основна дејност, освен земјоделските задруги што го плаќаат придонесот за кадрови во стопанството по единствена норма за целокупната своја дејност.

Член 14

Стопанските организации го плаќаат придонесот за кадрови во стопанството во сроковите и на начинот пропишан за наплата на приходите на буџетите и фондовите од стопанските организации.

Приватните дуќани го плаќаат придонесот за кадрови во стопанството во сроковите и на начинот определен за плаќање на данокот на доход.

Член 15

Придонесот за кадрови во стопанството, освен придонесот што го плаќаат претпријатијата од членот 17 на оваа уредба, се распределува на Сојузниот фонд и на републичките и околиските фондови.

Од вкупниот придонес од претходниот став на Сојузниот фонд му припаѓаат 20%, а остатокот се дели на републичките и околиските фондови.

На републичкиот фонд му припаѓа дел од придонесот што го плаќаат стопанските организации и приватните дуќани од територијата на народната република, а на околискиот фонд дел од придонесот што го плаќаат стопанските организации и приватните дуќани од подрачјето на околијата. Ако стопанска организација во свој состав има издвоени погонски или деловни единици, придонесот за кадрови во стопанството за тие единици, по одбивање на делот што му припаѓа на сојузниот фонд, му припаѓа на фондот на онаа република односно околија на чија територија односно подрачје се наоѓаат тие погонски или деловни единици.

Со прописи на републичкиот извршен совет се определува кој дел од придонесот му припаѓа на републичкиот фонд, а кој на околиските фондови. Делот од придонесот што им припаѓа на околиските фондови се определува во еднаков процент за сите околиски фондови во републиката и не може да биде помал од 50% од вкупниот износ на придонесот што го плаќаат стопанските организации и приватните дуќани од подрачјето на околијата.

Ако извршниот совет на Народна Република Црна Гора реши во Народна Република Црна Гора да постои само републички фонд, остатокот на придонесот, по уплатата во Сојузниот фонд, му припаѓа во целост на републичкиот фонд.

Член 16

Расподелбата на придонесот за кадрови во стопанството на Сојузниот фонд и на републичките и околиските фондови (член 15) ја врши банката кај која стопанската организација го плаќа придонесот односно општинската управа за приходи што го наплатува придонесот од приватни дуќани.

Ако стопанската организација има во свој состав издвоени погонски или деловни единици надвор од околијата во која е нејзиното седиште, таа е должна да ѝ доставува на банката кај која го плаќа придонесот за кадрови во стопанството податоци за остварениот придонес посебно за секоја од тие единици. Банката го распределува овој придонес на соодветните фондови спрема седиштето на погонските или деловните единици.

Член 17

Придонесот за кадрови во стопанството што го плаќаат претпријатијата во состав на Заедницата на Југословенските железници се уплатува во целост во Фондот при Генералната дирекција на Југословенските железници.

Придонесот за кадрови во стопанството што го плаќаат претпријатијата во состав на Заедницата на стопанските претпријатија на Југословенските пошти, телеграфи и телефони се уплатува во целост во Фондот при Генералната дирекција на Југословенските пошти, телеграфи и телефони.

Во Фондот за кадрови при Управата за работи на воената индустрија го уплатуваат придонесот за кадрови оние претпријатија што претежно произведуваат за воени потреби (член 2 од Уредбата за стопанските претпријатија што произведуваат за определени потреби на Југословенската народна армија — „Службен лист на ФНРЈ“, бр 53/53). Државниот секретаријат за работи на народната одбрана во спогодба со сојузниот Државен секретаријат за работи на финансиите и со секретаријатот за просвета и култура на Сојузниот извршен совет определува кои претпријатија претежно произведуваат за воени потреби.

Член 18

Банката кај која стопанските организации го плаќаат придонесот за кадрови (член 16) е должна секој 5-ти и 25-ти во месецот да изврши расподелба и уплата на наплатениот придонес на сметките од соодветните фондови, согласно одредбите од оваа уредба.

Член 19

Средствата на Сојузниот фонд и на републичките и околиските фондови се водат кај банката што го извршува буџетот на соодветната политичко-територијална единица, а средствата на Фондот при Генералната дирекција на Југословенските железници, на Фондот при Генералната дирекција на поштите, телеграфите и телефоните и на Фондот при Управата за работи на воената индустрија — кај Главната централа на Народната банка.

Член 20

Народната банка води евиденција на уплатите на придонесот за кадрови во стопанството по фондовите.

Народната банка е должна за Сојузниот фонд да води и евиденција на уплатите на придонесот по народните републики, а за републичките фондови и по околиите.

Ако придонесот за кадрови во стопанството не се уплатува односно ако средствата на околискиот фонд не се водат кај Народната банка, банката кај која придонесот се уплатува односно банката кај која се водат средствата на околискиот фонд е должна да ѝ ги доставува на Народната банка, според упатствата што ќе ги пропише таа, податоците потребни за водење на евиденцијата.

III. Намена и употреба на средствата на фондовите

Член 21

Средствата на Сојузниот фонд се употребуваат:

1) за давање помош за преземање мерки што се од посебно значење за унапредувањето на стручното оспособување на кадровите за стопанството од целата земја;

2) за давање помош на републичките фондови за подигање, поголеми проширувања и опрема на стручните училишта и нивните работилници и домови во кои се подготвуваат кадрови за стопанството, ако средствата на републичките фондови не се достаточни за тие цели и ако во постојните училишта во земјата не е можно да се обезбеди школување на соодветните кадрови потребни за стопанството;

3) за давање помош на установите и организациите што се занимаваат со систематско стручно усовршување на кадровите во стопанството за целата земја.

Член 22

Средствата на републичкиот фонд се употребуваат:

1) за давање помош за преземање мерки што се од значење за унапредувањето на стручното образование на кадровите за стопанството од подрачјето на повеќе околии или за стопанството во народната република;

2) за давање помош на околиските фондови за подигање, проширување и опрема на стручните училишта и нивните работилници и домови во кои се подготвуваат кадрови за стопанството, ако средствата на околиските фондови не се достаточни за тие цели;

3) за давање помош на установите и организациите што се занимаваат со систематско стручно усовршување на кадровите во стопанството од подрачјето на повеќе околии или целата народна република.

Член 23

Средствата на околискиот фонд се употребуваат:

1) за давање помош за подигање, проширување и опрема на стручните училишта и нивните рабо-

тилн.. и и домови во кои се подготвуваат кадрови за стопанството;

2) за давање помош за систематско стручно усовршување на кадровите во стопанството, со тоа за овие цели да може да се употребат најмногу 10% од вкупниот придонес за кадрови што му припаѓа на околискиот фонд;

3) за давање помош за подмирување на функционалните расходи на стручните училишта и нивните работилници и домови во кои се подготвуваат кадрови за стопанството.

Средствата на околискиот фонд можат да се употребат и за давање помош за подигање, проширување и опрема на стручните училишта и нивните работилници и домови на подрачјето на друга околија ако е околијата од чиј фонд се даваат средства заинтересирана за кадровите што се подготвуваат во тие училишта.

Член 24

Средствата на републичките и околиските фондови можат да се употребат и за потполна или деломична редовна издршка на одделни стручни училишта и нивни работилници и домови, ако претходно го одобри тоа републичкиот извршен совет.

Ако два или повеќе фондови преземат на потполна или деломична редовна издршка стручни училишта во смисла на претходниот став, со договор меѓу тие фондови се утврдува делот на средствата со кој секој од нив учествува во редовната издршка на тие училишта.

Републичкиот извршен совет може, по потреба, да донесе поблиски прописи, за регулирање на односите меѓу фондовите и околиите во врска со заедничката издршка на стручните училишта во смисла на овој член.

Член 25

Средствата на Фондот при Генералната дирекција на Југословенските железници и на Фондот при Генералната дирекција на поштите, телеграфите и телефоните се употребуваат за подигање, проширување и опрема, како и за редовна издршка на стручните училишта и нивните работилници и домови во кои се подготвуваат кадрови за потребите на Југословенските железници и на поштите, телеграфите и телефоните.

Употребата на средствата на Фондот при Управата за работи на воената индустрија ќе се определи со правилата на тој фонд.

Член 26

При доделувањето на средства од фондот органот на управувањето со фондот може да ја определи поблиската намена на тие средства, како и условите под кои можат да се трошат тие средства.

Член 27

Средствата на фондовите не можат да се употребат за подмирување на управно-административните расходи на фондовите.

Средствата за управно-административните расходи на фондовите се обезбедуваат, и тоа:

1) за Сојузниот фонд — во претсметката на Секретаријатот за просвета и култура на Сојузниот извршен совет;

2) за републичкиот фонд — во претсметката на републичкиот орган на управата надлежен за работите на школството;

3) за околискиот фонд — во буџетот на околијата.

IV. Управување со фондовите

Член 28

Со фондот управува управен одбор.

Член 29

Членовите на управниот одбор на Сојузниот фонд ги именува Сојузниот извршен совет.

Членовите на управниот одбор на Сојузниот фонд се именуваат од редот на лицата што ќе ги предложат сојузните стопански комори односно сојузите на коморите, Главниот задружен сојуз на ФНРЈ и Централното веќе на Сојузот на синдикатите на Југославија

Сојузниот извршен совет може да именува и други лица за членови на управниот одбор на Сојузниот фонд.

Во управниот одбор на Сојузниот фонд влегуваат и претседателите на управните одбори на републичките фондови.

Член 30

Управниот одбор на Фондот при Генералната дирекција на Југословенските железници односно на Фондот при Генералната дирекција на поштите, телеграфите и телефоните се состои од членови што ги именуваат органите на управувањето од тие дирекции, од двајца членови што ги именува Централниот одбор на соодветната синдикална организација и од членови што ги именува Сојузниот извршен совет.

Бројот на членовите на управниот одбор што ги именуваат органите на управувањето на генералните дирекции се определува со правилата на фондовите.

Член 31

Членовите на управниот одбор на Фондот при Управата за работи на воената индустрија ги именува државниот секретар за работи на народната одбрана.

Член 32

Членовите на управниот одбор на републичкиот фонд ги именува републичкиот извршен совет.

Членовите на управниот одбор на републичкиот фонд се именуваат од редот на лицата што ќе ги предложат сојузните и републичките стопански комори, републичкиот совет на Сојузот на синдикатите на Југославија, републичките главни задружни сојузи, републичкиот совет надлежен за работите на школството и републичкиот орган на управата надлежен за работите на трудот.

Републичкиот извршен совет може да именува и други лица за членови на управниот одбор на републичкиот фонд.

Член 33

Членовите на управниот одбор на околискиот фонд ги именува народниот одбор на околијата.

Членовите на управниот одбор на околискиот фонд се именуваат од редот на народните одборници на двата собора на околијата, од редот на членовите на советот надлежен за работите на школството и од советот надлежен за работите на трудот на народниот одбор на околијата, од редот на лицата што ќе ги предложи околискиот синдикален совет, од редот на лицата што ќе ги предложат работничките совети на оние претпријатија што ќе ги определи советот надлежен за работите на школството на народниот одбор на околијата, како и од редот на лицата што ќе ги предложат управните одбори на околиските стопански комори и околискиот задружен сојуз. Во управниот одбор можат да бидат именувани и други лица од редот на граѓаните што можат да придонесат за извршување на задачите на управниот одбор.

Член 34

Бројот на членовите на управниот одбор на Сојузниот, републичкиот односно околискиот фонд го определува извршниот совет односно народниот одбор на околијата.

Член 35

Управниот одбор на фондот ги врши следниве работи: донесува правила, програма за употреба на средствата, претсметка и завршна сметка на фондот, се грижи за извршувањето на претсметката на фондот, го организира работењето на фондот и врши други работи во врска со работата на фондот.

Член 36

Членовите на управниот одбор на фондот од своите редови избираат претседател и негов заменик.

Фондот го претставува претседателот на управниот одбор.

Член 37

Седниците на управниот одбор ги свикува претседателот.

Претседателот е должен да свика седница и по барање од една третина на членовите на управниот одбор на фондот или по барање од органот надлежен за работите на школството.

Управниот одбор на фондот одлучува во седници на кои се присутни најмалку половина членови на управниот одбор.

Член 38

Административните и сметководствените работи за Сојузниот фонд ги врши Секретаријатот за просвета и култура на Сојузниот извршен совет, а административните и сметководствените работи за републичкиот односно за околискиот фонд ги врши републичкиот односно околискиот орган на управата надлежен за работите на школството.

Член 39

Со правилата на фондот поблиску се определува начинот на управувањето со фондот и на работењето на фондот.

Правилата на Сојузниот фонд, на Фондот при Генералната дирекција на Југословенските железници, на Фондот при Генералната дирекција на поштите, телеграфите и телефоните и на Фондот при Управата за работи на воената индустрија ги одобрува Сојузниот извршен совет, правилата на републичкиот фонд ги одобрува републичкиот извршен совет, а правилата на околискиот фонд народниот одбор на околијата.

V. Програма, претсметка и завршна сметка на фондот

Член 40

Програмата за употребата на средствата на фондот содржи основни смерници за употребата на средствата на фондот за една или повеќе години.

Програмата се утврдува спрема состојбата на кадровите во стопанството и потребите за тие кадрови.

Член 41

Со претсметката на фондот се определуваат средствата што во текот на една година ќе се употребат за извршување на задачите утврдени со програмата за употреба на средствата на фондот.

Член 42

Со цел за составување на програмата и на претсметката на фондот, управниот одбор на фондот прибавува предлози и мислења за употребата на средствата на фондот од стопанските комори, задружните сојузи, организациите и установите заинтересирани за употребата на тие средства.

Составената програма и претсметката на секој фонд им се доставува заради ставање забелешки на стопанските комори и на задружните сојузи што доставиле предлози и мислења за употребата на средствата на фондот.

Ако управниот одбор на фондот не ги усвои забелешките од организациите од претходниот став, ќе го извести за тоа органот што ја одобрува програмата односно претсметката на фондот.

Член 43

Наредбодавец за извршување на претсметката на фондот е старешината на органот на управата што врши административни сметководствени работи на фондот (член 38)

Со правилата на фондот или со одлука на управниот одбор на фондот може да се предвиди за исплати за определени намени или за исплати над определен износ да е потребна согласност од управниот одбор на фондот или од членот на тој одбор што ќе го определи тој

Должноста на сметкополагач за извршувањето на претсметката на фондот ја врши лицето што е сметкополагач и за извршувањето на претсметката на органот на управата кој со оваа уредба е определен за вршење административни и сметководствени работи на фондот.

Член 44

Органот на управувањето на стручното училиште и на неговиот дом за кој, според одредбите од оваа уредба, се обезбедуваат средства за редовна издршка од средствата на фондот, е должен во рамките на вкупниот износ на средствата предвидени во претсметката на фондот за редовна издршка на училиштето и домот да ја утврди претсметката на училиштето односно домот.

Член 45

По истекот на секоја година се составува завршна сметка на фондот со извештај за работењето на фондот.

Завршната сметка се составува врз основа на евиденцијата за приходите и расходите на фондот.

Член 46

Програмата за употреба на средствата, претсметката и завршната сметка на Сојузниот фонд, на Фондот при Генералната дирекција на Југословенските железници, на Фондот при Генералната дирекција на поштите, телеграфите и телефоните и на Фондот при Управата за работи на воената индустрија, ги одобрува Сојузниот извршен совет.

Програмата за употреба на средствата, претсметката и завршната сметка на републичкиот фонд ги одобрува републичкиот извршен совет.

Програмата за употреба на средствата, претсметката и завршната сметка на околискиот фонд ги одобрува народниот одбор на околијата.

Член 47

Претсметката на фондот се составува и се извршува на начинот што е утврден за составување и извршување на претсметките со Основниот закон за буџетите („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 13/56) и со Уредбата за извршување на буџетот и за сметководственото работење на државните органи и установи („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 35/55 и 53/56).

Член 48

Средствата на фондот не можат да се трошат пред да се одобри претсметката на фондот.

Ако до 31 декември во тековната година не се одобри претсметката на фондот за наредната година, финансирањето на редовната издршка на стручните училишта и на нивните работилници и домови за кои, според одредбите на оваа уредба, се обезбедуваат средства за редовна издршка, како и финансирањето на другите неопходни потреби, ќе се врши привремено.

Привременото финансирање се врши врз основа на привремената претсметка што ја донесува управниот одбор на фондот.

Привремената претсметка се донесува за еден или три месеци, а во границите на расходите одобрени со претсметката на фондот за последниот месец односно тримесечје на претходната година.

Привремената претсметка ја одобрува надлежниот државен секретар за работи на финансиите односно советот за работи на финансиите на народниот одбор на околијата по прибавеното мислење од соодветниот орган надлежен за работите на школството.

Привремена претсметка на фондот може да се донесе без програма за употреба на средствата. Оваа претсметка влегува во состав на редовната претсметка на фондот за соодветната година.

Член 49

Наредбодавецот како и сметкополагачот на фондот е должен да води евиденција за наплатените и потрошените средства на фондот, според прописите за извршувањето на буџетот.

Стручните училишта и нивните домови, како и установите и организациите на кои ќе им се доделат средства од фондот, се должни примените и потрошените средства да ги евидентираат на посебни сметки во своето сметководство.

Член 50

Претсметката на фондот се извршува преку банката кај која се водат средствата на фондот (член 19).

Член 51

Контролата на уплатата на приходите и на употребата на средствата од фондот ја вршат органите определени со Основниот закон за буџетите и финансискиот инспекторат.

Ако органите од претходниот став утврдат дека средствата на фондот се употребуваат противно на нивната намена, соодветниот орган на управата надлежен за работите на финансиите ќе донесе решение со кое ќе нареди запирање на натамошната исплата на ненаменски употребените средства.

Против решението на околискиот орган на управата надлежен за работите на финансиите донесено според претходниот став може да му се изјави жалба на републичкиот државен секретаријат за работи на финансиите во срок од 15 дена од денот на доставувањето на решението.

Решението со кое републичкиот и сојузниот Државен секретаријат за работи на финансиите ќе наредат запирање на натамошната исплата на ненаменски употребените средства, е конечно

Член 52

Управниот одбор на фондот е должен да се грижи приходите на фондот да се наплатуваат во целост и средствата на фондот да се употребуваат за наменските предвидени со претсметката на фондот.

Член 53

Наредбодавецот за извршување на претсметката на фондот е должен на барање од управниот одбор на фондот да му поднесува на одборот извештаи за наплатените приходи и за потрошените средства на фондот. Ваков извештај наредбодавецот е должен да му поднесе и на соодветниот орган на управата надлежен за работите на финансиите кога овој ќе го побара тоа.

Управниот одбор на Сојузниот фонд и управните одбори на фондовите од членот 17 на оваа уредба се должни на Сојузниот извршен совет, на негово барање, да му поднесуваат извештаи за работењето и за состојбата на фондот, а управните одбори на републичките и околиските фондови се должни вакви извештаи да му поднесуваат на соодветниот совет надлежен за работите на школството

VI **Преодни и завршни одредби**

Член 54

Средствата на досегашните фондови при Сојузната индустриска комора, Сојузната градежна комора и Сојузната сообраќајна комора чија употреба не е одобрена со претсметките на тие фондови за 1955 и 1956 година се расподелуваат со состојбата на 31 декември 1956 година на Сојузниот фонд и на републичките фондови.

Од средствата од претходниот став 20% му припаѓаат на Сојузниот фонд, а остатокот се расподелува на републичките фондови, сразмерно со износот на придонесот што во тие фондови го уплатиле стопанските организации и приватните дуќани од територијата на одделна народна република во текот на 1955 и 1956 година.

Расподелбата на средствата според претходниот став ќе ја изврши сојузниот Државен секретаријат за работи на финансиите врз основа на пресметката на органите на управувањето на тие фондови. Овие органи се должни предлогот на претсметката да го достават во срок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на оваа уредба.

Член 55

Средствата на досегашните фондови при Сојузната индустриска комора, Сојузната градежна комора и Сојузната сообраќајна комора чија употреба е одобрена со претсметките на тие фондови за 1955 и 1956 година, а не се потрошени до 31 декември 1956 година заклучно, се пренесуваат во околиските фондови на оние околии на чии подрачја се наоѓаат установите и организациите на кои тие средства им биле доделени.

Распоредот на овие средства ќе го изврши Народната банка според налогот од органите на управувањето на досегашните фондови од ставот 1 на овој член. Органите на управувањето ќе ѝ го достават налогот на Народната банка во срок од 15 дена по влегувањето во сила на оваа уредба.

Од средствата според ставот 1 од овој член околискиот фонд е должен да ги намири обврските што произлегуваат од работите, набавките и услугите извршени до 31 декември 1956 година на товар на тие средства.

Средствата што ќе останат по намирувањето на обврските од претходниот став, ќе се распоредат со редовната или привремената претсметка на околискиот фонд за 1957 година за истите намени за кои биле одобрени и во претсметките за 1955 и 1956 година. За промена на намената на овие средства е потребна согласност од републичкиот орган на управата надлежен за работите на школството.

Член 56

Средствата на досегашните фондови при републичките трговски, угостителски, селскостопански и занаетчиски комори и при републичките стручни здруженија на стопанските организации на патниот сообраќај затечени на 31 декември 1956 година, се пренесуваат на новооснованите републички фондови.

Републичките фондови ги преземаат обврските на досегашните фондови при републичките трговски, угостителски, селскостопански и занаетчиски комори и на фондовите при републичките стручни здруженија на стопанските организации на патниот сообраќај доколку настанале до 31 декември 1956 година во рамките на одобрените претсметки на тие фондови за 1956 година, како и обврските сторени по привременото финансирање на тие фондови до влегувањето во сила на оваа уредба.

Член 57

Придонесот за кадрови во стопанството кој произлегува од 1956 година, а ќе се наплати во 1957 година, ќе се распоредели според одредбите на оваа уредба (чл. 15, 17 и 58).

Член 58

Републичкиот извршен совет може да реши средствата на републичкиот фонд да се употребат во 1957 година за редовна издршка на оние стручни училишта и нивни работилници и домови за кои во 1956 година според досегашните прописи се подмирувани сите расходи од фондовите за кадрови во стопанството при републичките стопански комори. Во тој случај, по исклучок на членот 15 од оваа уредба, републичкиот извршен совет може да одреди во 1957 година во околиските фондови да се уплатува и помалку од 50% од придонесот за кадрови во стопанството што го плаќаат стопанските организации и приватните дуќани од соодветните стопански гранки.

Член 59

Републичките извршни совети ќе одредат, во срок од еден месец по влегувањето во сила на оваа уредба, кој дел од придонесот за кадрови му припаѓа на околискиот а кој дел на републичкиот фонд (чл. 15 и 58).

Член 60

Претсметките на фондовите за 1957 година ќе му се достават на органот надлежен за нивното одобрување најдоцна до 30 јуни 1957 година.

По исклучок од одредбата на членот 5 од оваа уредба, претсметките на фондовите за 1957 година можат да се донесат и без програма за употреба на средствата.

Член 61

До одобрувањето на претсметките на фондовите за 1957 година привременото финансирање ќе се врши врз основа на одредбите од членот 48 на оваа уредба.

Член 62

Упатства за примена на оваа уредба ќе издава, по потреба, сојузниот Државен секретаријат за работи на финансиите во спогодба со Секретаријатот за просвета и култура на Сојузниот извршен совет

Член 63

Со влегувањето во сила на оваа уредба престанува да важи Уредбата за фондовите за кадрови во стопанството („Службен лист на ФНРЈ" бр. 27/56).

Член 64

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Р. п. бр. 80
25 март 1957 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз-Тито, с. р.

146.

Врз основа на членот 32 од Царинскиот закон („Службен лист на ФНРЈ", бр. 90/48 и 44/51) и членот 34 точка 3 од Уредбата за надворешнотрговското работење („Службен лист на ФНРЈ", бр. 25/55), Сојузниот извршен совет донесува

УРЕДБА

ЗА УВОЗ И ПРОМЕТ НА ПАТНИЧКИ АВТОМОБИЛИ И МОТОРЦИКЛИ

Член 1

На увозот на патнички автомобили и моторцикли се плаќа царина пропишана со оваа уредба.

Увозот од претходниот став не подлежува на пресметување и плаќање на разликата во цените врз основа на увозните коефициенти

При увозот на производи од ставот 1 на овој член се плаќа данок на промет според посебни прописи.

Член 2

Царината според оваа уредба се плаќа на странската набавна цена на патничкиот автомобил односно моторцикл, вклучувајќи ги тука и сите трошоци до југословенската граница, пресметана во динари по пресметковниот курс.

Врз основицата пресметана на начинот од претходниот став се применуваат следните царински норми:

1) за патнички автомобили:
   а) со волумен до 1.500 см³ — 40%
   б) со волумен над 1.500 см³ — — — 80%
2) за моторцикли од сите видови и волумени — — — — — — — — 40%

Член 3

На увозот на патнички автомобили и моторцикли што граѓаните ги набавуваат од свои заштеди на странски средства за плаќање (дневници, плати, лични хонорари, хонорари според основот на авторско право и сл.) а со кои се здобиле согласно важечките прописи, не се плаќа царина.

Царина не се плаќа ниту на патнички автомобили и моторцикли што се увезуваат за потребите на инвалидите според посебните прописи што ќе ги донесе Комитетот за надворешна трговија.

Член 4

Ако патничкиот автомобил или моторцикл увезен во смисла на претходниот член, на кој и да е начин се отуѓи или му се отстапи на друго лице на употреба во срок од 5 години од денот на увозот, или се употреби за вршење транспортни услуги, сопственикот на автомобилот односно на моторциклот ќе ја плати царината предвидена во членот 2 од оваа уредба.

Член 5

Патнички автомобили со волумен над 2.000 см³ не можат да се увезуваат.

По исклучок од одредбата од претходниот став, патнички автомобили со волумен над 2.000 см можат да се увезуваат само за потребите за репрезентација на сојузните и републичките претставнички органи, како и на претставничките органи на автономните единици.

Увоз на автомобили од претходниот став може да се врши само со посебно одобрение од Секретаријатот за сообраќај и врски на Сојузниот извршен совет.

Член 6

Како патнички автомобили во смисла на оваа уредба се сметаат сите видови автомобили што служат за превоз на патници а имаат најмногу 8 седишта.

Член 7

Се овластува Секретаријатот за сообраќај и врски на Сојузниот извршен совет да може да донесува прописи за видовите на патнички автомобили и моторцикли што се увезуваат според одредбите од оваа уредба.

Член 8

Во поглед на царинењето и царинската постапка при увозот на автомобили и моторцикли ќе се применуваат важечките царински прописи, ако со оваа уредба не е предвидено поинаку.

Член 9

Оваа уредба ќе се применува на увозот на патнички автомобили и моторцикли чие царинење се врши почнувајќи од денот на нејзиното влегување во сила.

Член 10

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Сојузен извршен совет

Р. п. бр. 78
23 март 1957 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз-Тито, с. р.

147.

Врз основа на одделот II од Одлуката за потврда на уредбите на Сојузниот извршен совет и за натамошната работа на приготвување закони за стопанскиот систем („Службен лист на ФНРЈ", бр. 8/54), а во врска со членот 3 од Уредбата за данокот на промет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 55/53 и 55/54), Сојузниот извршен совет донесува

УРЕДБА

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ТАРИФАТА ЗА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ

Член 1

Во Тарифата за данокот на промет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/56, 19/56, 30/56, 43/56 и 53/56) во делот А место укинатите одредби на тар. број 30 се пропишува нов тар. број 30, кој гласи:

„30. Патнички автомобили и моторцикли и делови за патнички автомобили и моторцикли:

1) Делови за патнички автомобили и моторцикли 10%.

2) А. патнички автомобили:

до 1.000 см³	25%
над 1.000 — 1.500 см³	40%
над 1.500 — 2.000 см³	45%
над 2.000 — 3.000 см³	54%
над 3.000 см³	56%

Б. моторцикли:

мопеди до 50 см³	33%
моторцикли од 50 — 176 см³	33%
моторцикли над 176 см³	36%

Забелешка:

1) На автомобилите и моторциклите произведени во земјава од увезени делови и од делови произведени во земјава, не се плаќа данок според точката 2 од овој тар. број.

2) На патничките автомобили и моторцикли што наши граѓани ги добиваат од странство на подарок или ги набавуваат од странството за свои заштедени странски средства за плаќање, не се плаќа данок на промет при увозот, под услов патничките автомобили или моторциклите да служат за нивна лична употреба.

Ако патнички автомобили или моторцикли на кој и да е начин се отуѓат или им се отстапат на други лица на употреба, мора да се плати данок според овој тар. број и според тар. број 101 од Тарифата за данокот на промет.

Исто така, ќе се плати данок според точката 2 од овој тар. број ако патнички автомобили се употребат за вршење транспортни услуги.

3) Стопанските, задружните и општествените организации, како и државните органи и установи, што за динарски средства за плаќање набавуваат патнички автомобили и моторцикли увезени од увозни претпријатија или трговски претпријатија и дуќани, се должни да платат данок според тар. број 101 од Тарифата за данокот на промет"

Член 2

Тарифниот број 101 се менува и гласи:

„101. На прометот на патнички автомобили и моторцикли што државни органи и установи или стопански, задружни и општествени организации ќе ги купат со динарски средства за плаќање од увозни претпријатија или од трговски претпријатија и дуќани, купувачите при набавката плаќаат данок на промет по нормата од 200% од набавната цена.

Данокот според овој тарифен број се плаќа и во случај кога споменатите органи, установи и организации увезуваат како корисници автомобили и моторцикли раставени на делови заради нивна монтажа во земјава.

Одредбите од претходните ставови се однесуваат само на автомобилите и моторциклите што ќе се увезат по влегувањето во сила на овие прописи.

На прометот на моторни возила (камиони, автобуси, патнички автомобили, автотрактори, моторцикли и др.), нивни приколички и нивни главни делови (мотори, менувачки кутии, диференцијали, шасии и сл.) од странско потекло, како и на прометот на машини, уреди, направи, инструменти и сл., ако како купувачи или како продавачи на наведените производи се појавуваат приватни лица, се плаќа данок на промет според прописите што ги донесува сојузниот државен секретар за работи на финансиите".

Член 3

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Сојузен извршен совет

Р. п. бр. 79
23 март 1957 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз-Тито, с. р.

148.

Врз основа на главата XVI оддел 4 став 2 на Сојузниот општествен план за 1957 година, а во врска со членот 16 од Уредбата за краткорочните кредити („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/56) и членот 27 од Законот за таксите („Службен лист на ФНРЈ", бр. 68/46, 104/47), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОДОБРУВАЊЕ КРЕДИТИ НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ СЕЛСКОСТОПАНСКИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ ШТО ВО 1956 ГОДИНА ПРЕТРПЕЛЕ ШТЕТА ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ

1. Народната банка, комуналните банки и штедилници ќе им одобруваат кредити на индивидуалните селскостопански производители што во 1956 година претрпеле штета од елементарни непогоди и на кои по основот на оваа штета им е извршен отпис на данокот на доход од селското стопанство за 1956 година.

Кредитите од претходниот став ќе се одобруваат за набавка на храна за луѓе и на храна за добиток за потребите на домаќинството на барателот на кредитот.

2. Кредитите според оваа одлука можат да им се одобруваат само на оние индивидуални селскостопански производители што се способни да го исплатат кредитот од приходите од своето земјиште.

Кредити нема да им се одобруваат на оние барателите на кредит што имаат приход по основот на постојан работен однос или приход од самостојно занимање.

3. Износот на кредитот одобрен на индивидуалните селскостопански производители според оваа одлука не може да премине 50% од катастарскиот приход што служи како основица за облог со данокот на доход од селското стопанство.

4. Кредитите дадени според оваа одлука мораат да бидат вратени до 31 декември 1957 година.

На одобрените кредити се плаќа интерес по нормата од 2% годишно.

5. За обезбедување враќањето на кредитот, корисникот на кредитот е должен на поверителот да му предаде бланко меница со свој потпис (акцепт), како и писмена изјава дека дозволува на неговите недвижности да се стави интабулација во корист на поверителот.

6. Барателот на кредитот докажува со уверение од народниот одбор на општината дека има услови за добивање кредит според оваа одлука.

7. Извршниот совет на народната република може да ги определи реоните (општините и околиите) на чие подрачје на индивидуалните селскостопански производители ќе им се одобруваат кредити според оваа одлука.

8. На молбите, уверенијата, обезбедувањата како и на другите исправи, освен меничите, што се издаваат во врска со одобрувањето на кредитот според оваа одлука не се плаќа такса.

9. Технички упатства за спроведување на оваа одлука ќе издаде, по потреба, Народната банка.

10. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Р. п. бр. 77
22 март 1957 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар,
Вељко Зековиќ, с. р.

Потпретседател,
Родољуб Чолаковиќ, с. р.

149.

Врз основа на членот 5 од Уредбата за покривање на загубите што селскостопанските организации ќе ги претрпат од вонредните поплави и подземните води („Службен лист на ФНРЈ", бр. 20/56), издавам

НАРЕДБА

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА НАРЕДБАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБИТЕ ШТО СЕЛСКОСТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЌЕ ГИ ПРЕТРПАТ ОД ВОНРЕДНИТЕ ПОПЛАВИ И ПОДЗЕМНИТЕ ВОДИ

1. Во Наредбата за спроведување на Уредбата за покривање на загубите што селскостопански организации ќе ги претрпат од вонредните поплави и подземните води („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/56), зад точката 5 се додава нова точка 5а, која гласи:

„Како штета од точката 3 на оваа наредба се подразбира материјалната загуба што за селскостопанската организација настанала со изостанување на очекуваниот принос поради зафаќање на нејзиното земјиште од вонредна поплава или од подземна вода во годината за која се бара покривање на загубата.

Како очекуван принос од земјиштето што е зафатено од поплава или од подземна вода се смета, по правило, најмалку просечниот принос за последните пет години на одделни селскостопански култури во општината на чие подрачје се наоѓа земјиштето на селскостопанската организација што било зафатено од поплава или од подземна вода.

Штетата се пресметува во пари на тој начин што најпрво се утврдува бруто приносот во килограми на селскостопански производи од оној вид култура со кој земјиштето било посеано и кој при-

нос селскостопанската организација би го остварила од земјиштето зафатено од вонредна поплава или од подземна вода да немало поплава или подземна вода, земајќи го предвид просечниот принос за последните пет години за тој вид култура, та од таа количина се одбиваат оние количини селскостопански производи што селскостопанската организација ги добила од тоа земјиште, и тој остаток во килограми се помножува со бројот што претставува пазарна цена по килограм одделни производи по жетвата на подрачјето на околијата на кое се наоѓа седиштето на селскостопанската организација што имала загуба.

Ако земјиштето било преорано и посеано со друг вид култура износот на штетата од претходниот став се намалува за противвредноста на приносот од преораното земјиште пресметан по пазарните цени, откога претходно се одбие вредноста на работите извршени во врска со одгледувањето на друг вид култура."

2. Во точката 10 по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Ако височината на просечниот износ на платите од ставот 1 на оваа точка не може да се пресмета поради тоа што сите селскостопански организации од подрачјето на околијата претрпеле загуби во годината за која се бара покритие на загубата, тогаш како просечен износ се зема просечниот износ на платите во истата година во една од соседните околии која според составот и конфигурацијата на почвата, како и според плодноста на земјиштето ѝ е најслична на околијата на чие подрачје се наоѓа селскостопанската организација што бара покритие на загубата".

3. Во точката 11 по ставот 3 се додава нов став 4. кој гласи:

„Селанските работни задруги што поради вонредни поплави или подземни води имале загуби во 1954 и 1955 година поради кои не можеле да им ја исплатат заработката на своите членови во височина на просечната плата од членот 4 на Уредбата за покривање на загубите што селскостопанските организации ќе ги претрпат од вонредните поплави и подземните води, можат во срок од 30 дена по влегувањето во сила на оваа наредба да бараат покритие на загубата настаната во тие години според начелата што важат за покритие на загубите од вонредни поплави и подземни води на другите селскостопански организации."

4. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 2251
14 март 1957 година
Белград

Државен секретар
за работи на финансиите,
Авдо Хумо, с. р.

150.

Врз основа на членот 2 став 2 од Уредбата за девизното работење („Службен лист на ФНРЈ", бр. 54/55), во врска со членот 7 оддел I став А по а) точка 3 алинеја 1 од Уредбата за пренесување работите во надлежност на сојузните и републичките органи на управата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 26/56, со согласност од Државниот секретаријат за работи на финансиите, Комитетот за надворешна трговија издава

НАРЕДБА

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА НАРЕДБАТА ЗА ПОСТАПУВАЊЕТО СО СТРАНСКИТЕ СРЕДСТВА ЗА ПЛАЌАЊЕ ШТО ПРОИЗВОДНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА МАШИНОГРАДБАТА, НА ЕЛЕКТРОМАШИНСКАТА ИНДУСТРИЈА И НА БРОДОГРАДЕЖНАТА ИНДУСТРИЈА КАКО И ПРОИЗВОДНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА БРОДОГРАДБАТА ЌЕ ГИ ОСТВАРАТ СО ИЗВОЗ НА ОПРЕМА И УСЛУГИ

1. Во Наредбата за постапувањето со странските средства за плаќање што производните организации на машиноградбата, на електромашинската индустрија и на бродоградежната индустрија како и производните организации на бродоградбата, ќе ги остварат со извоз на опрема и услуги („Службен лист на ФНРЈ", бр. 54/56) точката 2 се брише.

2. Точката 4 се менува и гласи:

„Расподелбата на странските средства за плаќање од збирната сметка на бродоградбата ја врши Југословенската банка за надворешна трговија, водејќи сметка за рентабилноста на работите, за правците на извозот и за другите околности што се од влијание врз платниот биланс."

3. Досегашните точ. 3—10 стануваат точ. 2—9.

4. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

П. бр. 218
19 март 1957 година
Белград

Претседател
на Комитетот за надворешна трговија,
Хасан Бркиќ, с. р.

151.

Врз основа на членот 16 став 3 од Уредбата за градење („Службен лист на ФНРЈ", бр. 14/52, 5/54 и 53/56), Секретаријатот за индустрија на Сојузниот извршен совет, со согласност од сојузниот Државен секретаријат за работи на финансиите, пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ОТСТАПУВАЊЕТО НА ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ И РАБОТИ НА ИЗВЕДУВАЊЕ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Отстапувањето на изведување на градежни објекти и работи (во натамошниот текст: работи) се врши преку договори за градење, што се склучуваат врз основа на јавно наддавање, собирање на понуди или непосредна погодба.

Член 2

Како градежни работи во смисла на овој правилник се подразбираат и градежно-занаетчиските и градежно-монтажните работи, како и изведувањето на сите инсталации со цел за оспособување објекти за намената на која тие имаат да ѝ служат.

Член 3

Државните органи и установи, установите со самостојно финансирање, стопанските, задружните и општествените организации, како инвеститори, склучуваат договор за градење врз основа на јавно наддавање, освен во случаите предвидени со овој правилник.

Член 4

Јавното наддавање не е задолжително:

1) за градежно-занаетчиските и градежно-монтажните работи чија вкупна вредност според одобрениот главен проект не го надминува износот од 2 милиони динари, а за другите градежни работи — износот од 10 милиони динари;

2) за итните работи без оглед на вредноста и тоа за:

а) обезбедување на објектите што служат за осигурување од елементарни непогоди (пожари, снегобрани, бреговски тврдини итн.);

б) одржување на сообраќајниците;

в) одржување на мелиорационите системи;

г) одржување на регулационите објекти на водотеците;

д) адаптации по елементарните несреќи;

ѓ) стабилизации на почвата и на веќе изградените конструкции;

е) градежни работи заради обезбедување на постојниот технолошки процес на основната дејност;

3) за посебните работи по одобрение од органот на управата надлежен за работите на градежништвото на онаа политичкотериторијална единица чиј орган ја одобрил инвестиционата програма.

Изведувањето на работите наведени во претходниот став инвеститорот може да го отстапи врз основа на собраните понуди, а ако е нивното изведување од неодложна природа — и врз основа на непосредна погодба, по одобрение од органот на управата надлежен за работите на градежништвото на онаа политичкотериторијална единица чиј орган е надлежен за одобрување на инвестиционата програма.

Член 5

Договор за градење може да се склучи само ако сите работи на еден градежен објект едновремено се отстапуваат на изведување.

По правило, изведување на сите работи му се отстапува на еден понудувач. Ако не се бара еден понудувач за сите работи, во објавата за јавното наддавање ќе се наведе кои работи можат да се отстапат посебно.

По исклучок од одредбата на ставот 1, по одобрение од органот на управата надлежен за работите на градежништвото на онаа политичкотериторијална единица чиј орган ја одобрил инвестиционата програма можат одделни занаетчиски работи на градежниот објект да се остават за да се отстапат подоцна. Во тој случај инвеститорот е должен во објавата за јавното наддавање да наведе изречно кои работи се остават за подоцнежно договарање.

Член 6

За работите на Југословенската народна армија одобрението според одредбите на членот 4 точка 3 и членот 5 го дава Државниот секретаријат за работи на народната одбрана односно командата на армиската област, Командата на воената морнарица и Командата на военото воздухопловство.

Член 7

Инвеститорот е должен претходно да подготви соодветен елаборат за работите чие изведување го отстапува. Составен дел на тој елаборат се ревидираниот и одобрениот главен проект со сите технички и економски прилози и Општите услови за изведување на работите.

Општите услови за изведување на работите се пропишани како додаток на овој правилник и се задолжителни за содоговорачот.

Со техничките услови, што се составен дел на ревидираниот проект, не можат да се менуваат пропишаните општи услови.

Член 8

Договорот за градење може да се склучи само до височина на претсметковната сума на одобрениот проект, која не смее да биде поголема од соодветната сума во одобрената инвестициона програма.

II. ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Член 9

Јавното наддавање се врши преку понуди што учесниците во јавното наддавање ги поднесуваат писмено врз основа на јавната објава за одржувањето на јавното наддавање.

1. Објава за јавното наддавање и поднесување на понуди

Член 10

Инвеститорот е должен јавното наддавање благовремено да го објави во службениот весник на Сојузната градежна комора. Инвеститорот може, покрај тоа, јавното наддавање да го објави и преку дневниот печат.

Член 11

Објавата за јавното наддавање содржи особено:

1) кој и каде го одржува јавното наддавање;

2) предмет на јавното наддавање;

3) претсметковна вредност на работите;

4) предвидениот срок за завршетокот на работите;

5) срок за поднесување на понуди;

6) место, ден и час на јавното наддавање;

7) каде може да се добие на увид односно да се набави елаборатот за јавното наддавање со надоместок на неговата вредност;

8) износ на кауцијата што понудувачот треба да ја положи;

9) известување за општинските такси за поднесување на понуда, ако таква такса треба да се плати, и

10) известување дека понудувачите се должни да поднесат потврда од републичкото стручно градежно здружение односно од Сојузната градежна комора за подобноста, ако инвеститорот смета дека едно од тие уверенија е потребно.

Член 12

Денот на јавното наддавање мора да биде определен така што од објавувањето на јавното наддавање во службениот весник на Сојузната градежна комора до јавното наддавање да поминат најмалку 30 дена.

За работите чија претсметковна вредност е помала од 50 милиони динари јавното наддавање може да се одржи и по истекот на срокот од 15 дена по неговото објавување во службениот весник на Сојузната градежна комора.

Сојузната градежна комора е должна примената објава за јавното наддавање да ја објави во срок од 8 дена од денот на приемот.

Член 13

По објавувањето на јавното наддавање инвеститорот е должен во срок од 3 дена да им ги стави на увид на понудувачите:

1) Општите услови пропишани со членот 7 од овој правилник;

2) главниот проект на работите ревидиран и одобрен според важечките прописи;

3) ситуациониот план на градежниот објект а, по потреба, и другите елементи од инвестиционата програма;

4) ценовникот на основните материјали за пресметување на цената и на евентуалните разлики во вредноста на материјалот;

5) техничкиот опис на работите за секоја позиција од претсметката, без единичните цени што на проектантот му служеле за оценување на вредноста на работите;

6) градежната дозвола издадена од надлежниот орган.

На барање од понудувачот инвеститорот ќе даде и други потребни информации, ако располага со нив, како што се: климатските услови од кои зависат одделни специфични услови за градење, хидролошките податоци, топографските карти, сообраќајните услови и пристапи на градилиштето и потребните подробности што не се составен дел на главниот проект.

Ако со одобрениот проект се пропишуваат и посебни технички услови или посебни услови за изведување на специјални работи, инвеститорот е должен и овие услови да им ги стави на увид на понудувачите, под услов со нив да не се менуваат туку само дополнуваат Општите услови.

Член 14

Во јавното наддавање можат да учествуваат:

1) стопанските организации во рамките на својата дејност и капацитет;

2) приватните градежно-занаетчиски дуќани за работите што ѝ одговараат на нивната основна дејност и на нивниот капацитет.

Член 15

Стопанските организации што сакаат да учествуваат во наддавањето, должни се да поднесат понуда во смисла на одредбите од овој правилник.

Понудата за јавното наддавање мора да содржи:

1) назив и точна адреса на понудувачот;

2) назив на работите за чие изведување се поднесува понудата;

3) понудената збирна цена за изведување на работите (со цифри и букви);

4) претсметка со единичните цени на понудувачот, составена на оригинална претсметка, со описот на работите, примена од инвеститорот;

5) понудениот срок за извршување на работите, ако со огласот за наддавањето е предвидено и скратување на срокот.

Понудата од претходниот став е полноважна ако е потпишана од страна на лице што е според важечките прописи овластено за тоа.

Член 16

Понудата ѝ се поднесува непосредно на комисијата за јавното наддавање на самиот ден на наддавањето или преку пошта. Понудата може да му се предаде и непосредно на инвеститорот — за комисијата.

Понудата мора да биде ставена во посебно запечатена обвивка со точно напишана адреса на инвеститорот и со видна ознака: „Не отворај", како и со назначување дека во обвивката се наоѓа понуда за јавно наддавање за изведување на односните работи.

Член 17

Учесниците во јавното наддавање се должни пред поднесувањето на понуда да се запознаат со теренот за градење и со условите за работа на него.

За јавното наддавање тие се должни кон понудата, а надвор од нејзината запечатена обвивка, да поднесат:

1) доказ за регистрацијата на претпријатието или дуканот;

2) потврда за положената кауција во гарантно писмо од банката, како гаранција дека изведувачот на кој работата ќе му се отстапи ќе склучи со инвеститорот во определен срок договор за изведување на односните работи;

3) овластување на претставникот на понудувачот што присуствува на наддавањето, дека може полноважно да го претставува понудувачот на јавното наддавање и во негово име да ја потпише потребната изјава за прифаќање на Општите услови и записникот за наддавањето, а ако понудата е испратена по пошта — изјавата на понудувачот дека му се познати Општите и техничките услови што се составен дел на елаборатот за јавното наддавање (член 7) и дека овие во сѐ ги прифаќа;

4) потврда за подобност издадена од страна на републичкото стручно градежно здружение односно од Сојузната градежна комора, ако е таа барана со објавата за јавното наддавање;

5) документација за составот на расположивите основни средства за изведување на односните работи и за нивната техничка исправност, како и поименичен попис на стручните раководни кадрови и збирен попис на другите кадрови што ќе учествуваат во извршувањето на односните работи, ако е тоа барано со објавата за јавното наддавање.

Член 18

Кауцијата за понудувачите изнесува 1% од претсметковната вредност на работите.

Кауцијата се полага во гарантно писмо од банката.

2. Постапка на јавно наддавање

Член 19

Јавното наддавање го врши комисија чиј претседател и членови ги именува инвеститорот. Комисијата се состои од најмалку тројца членови, од кои барем еден мора да биде овластен стручњак за изведување на работите што се предмет на наддавањето. Комисијата може да има посебен записничар — дактилограф кој не е член на комисијата.

Членови на комисијата не можат да бидат лица во работен однос со понудувачот, како ни проектант или службеник на проектантската организација што ги проектирала односните работи.

Член 20

Јавното наддавање се врши во затворена просторија.

Покрај членовите на комисијата и записничарот на јавното наддавање можат да присуствуваат и лица што предале понуди, градежниот инспектор и претставници на републичкото стручно градежно здружение и на Сојузната градежна комора.

Член 21

Инвеститорот е должен на обвивката на стасаните понуди да ги означи денот и часот на нивното стигнување и да ѝ ги предаде на комисијата за јавното наддавање неотворени најдоцна до часот определен за отворање на понудите.

Член 22

Понудите стигнати по почетокот на јавното наддавање не се земаат во постапка.

Исто така нема да се земат во предвид ни понудите:

1) што ги немаат сите уредни исправи и прилози од членот 17 на овој правилник;

2) со кои се отстапува од пропишаните услови;

3) во кои се изоставени цените или не се определени точно и јасно;

4) чии суми се над претсметковната сума назначена во објавата за јавното надавање

Член 23

Пред почетокот на јавното наддавање присутните претставници на понудувачите ѝ ги предаваат на комисијата своите полномошна во смисла на членот 17 од овој правилник.

Полномошното не смее да биде постаро од 6 месеци.

Член 24

Комисијата е должна пред присутните понудувачи да утврди пред сé:

1) дали е комисијата правилно составена;

2) дали е јавното наддавање извршено пропишано;

3) колку понуди стасале, како и имињата на понудувачите.

Комисијата потоа ги проверува документите и соопштува кои понудувачи ги исполнуваат условите за наддавање и дали може да се одржи наддавањето. Истовремено комисијата решава за враќањето на понудите и за отстранувањето од просториите за јавно наддавање на оние понудувачи што не ги исполнуваат условите од овој правилник.

Член 25

За јавното наддавање се потребни најмалку тројца понудувачи.

Ако нема три уредни понудувачи, наддавањето не може да се одржи, туку се распишува ново јавно наддавање, а понудите и кауциите им се враќаат на понудувачите. Понудите се враќаат неотворени, освен понудите за кои дури потем јавното отворање сé утврдило дека не можат да се

вемат во постапка поради отстапување од пропишаните услови.

Член 26

Откога ќе утврди дека ќе може да се одржи наддавањето, комисијата пристапува кон отворање на понудите по редот на пристигањето и ги запознава присутните понудувачи со содржината на понудите. Ако мнозинство на понудувачите го бара тоа, комисијата ќе ги соопшти или достави и единичните цени на понудите, како за одделни така и за сите работи што се предмет на јавното наддавање.

Член 27

За јавното наддавање се води записник, во кој се внесуваат сите поважни факти.

По завршеното наддавање записникот се чита и го потпишуваат сите членови на комисијата и присутните понудувачи. Присутните понудувачи имаат право да бараат во записникот да се внесат нивните забелешки за работата на комисијата, за текот на постапката на наддавањето, како и за самата содржина на записникот. Ако некој од присутните одбие да го потпише записникот, тоа изречно ќе се напомене во записникот.

По потпишувањето на записникот понудувачите се должни да ја напуштат просторијата во која работи комисијата.

Член 28

Во продолжение на работата комисијата расправа за забелешките на понудувачите, врши анализа на поднесените понуди и расправа за тоа на кој понудувач, како најповолен, треба да му се отстапи изведувањето на работите.

Најповолен понудувач не мора да биде најевтиниот.

Ако со анализа на понудите се утврдат сметковни грешки во понудата, комисијата ќе ја поправи коригираната сума врз основа на предмерските количини и понудените цени на изведувачот, кои не можат да се менуваат.

И за овој дел од работата се води записник.

Член 29

Комисијата може според понудите и другите елементи на елаборатите за јавното наддавање, да ја цени реалноста на претсметките од понудувачите на работите, и врз основа на тоа да му предложи на инвеститорот да се поништи одржаното јавно наддавање.

Член 30

За одржаното јавно наддавање комисијата составува извештај, кој е должна во срок од 5 дена по одржаното наддавање да му го достави на инвеститорот, заедно со записникот за својата работа и со сите други документи од наддавањето. Извештајот содржи мислење од комисијата за понудите и за одржаното наддавање, како и за тоа на кој понудувач и поради што треба да му се отстапи изведувањето на работите, или дека одржаното наддавање треба да се поништи.

3. Второ јавно наддавање

Член 31

Ако првото јавно наддавање не успеало поради недостаточен број уредни понудувачи, ќе се одржи второ јавно надавање под исти услови и според истата постапка како и првото, во срок од 15—30 дена, сметајќи од денот на објавувањето на второто јавно наддавање.

Член 32

Ако ни второто јавно наддавање не успее, органот на управата надлежен за работите на градежништвото на онаа политичкотериторијална единица чиј орган ја одобрил инвестиционата програма ќе донесе, по барање од инвеститорот, решение за тоа дали инвеститорот може односните работи да ги отстапи со непосредна погодба до износот на претсметковната сума на одобрениот проект, или треба основните услови (претсметката, срокот итн.) да ги измени и да распише ново јавно наддавање.

4. Решение за отстапување на работите

Член 33

Инвеститорот е должен, во срок 8 дена по приемот на извештајот од комисијата, да донесе образложено решение со кое изведувањето на работите му го отстапува на најповолниот понудувач, односно решение за поништување на одржаното наддавање, и да им го достави на сите учесници на јавното наддавање.

По донесувањето на решението инвеститорот е должен во срок од три дена да им ги врати положените кауции на сите учесници на јавното наддавање, освен на оној учесник на кој му е отстапено изведувањето на работите.

По барање од понудувачите инвеститорот е должен на понудувачите да им даде и препис од записникот и од извештајот на комисијата за извршеното наддавање.

Член 34

Инвеститорот е должен препис од решението за отстапувањето на работите заедно со преписот од извештајот на комисијата за извршеното јавно наддавање, да им достави на Сојузната градежна комора и на републичкото стручно градежно здружение, а на нивно барање и извод на сите понудени единични цени во сите позиции на работите што биле предмет на јавното наддавање.

5. Жалби

Член 35

Ако учесниците во јавното наддавање сметаат дека нивните интереси се повредени поради тоа што јавното наддавање не е извршено според постапката и на начинот што се предвидени со овој правилник, можат во срок од 15 дена од денот на доставувањето на решението да му изјави жалба на органот на управата надлежен за работите на градежништвото на онаа политичкотериторијална единица чиј орган ја одобрил инвестиционата програма.

Жалбата му се предава на инвеститорот што го донесол решението.

Органот на управата на кој му е изјавена жалбата е должен по изјавената жалба да донесе решение во срок од 15 дена по приемот на жалбата.

Член 36

Ако со спроведената постапка на јавното наддавање е повреден јавниот интерес, жалба од претходниот член можат да изјават и Сојузната градежна комора или републичкото стручно градежно здружение.

Ваква жалба може да се изјави во срок од 15 дена по доставувањето на решението до Сојузната градежна комора односно од републичкото стручно градежно здружение.

Член 37

Ако решението за отстапувањето на изведувањето на работите биде поништено, ќе се смета како да не е ниту одржано јавното наддавање.

III. ПОСТАПКА ЗА ГОЛЕМИ И СПЕЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ И РАБОТИ

Член 38

За објекти и работи во вредност над 500 милиони динари, како и за специјални објекти без оглед на вредноста, инвеститорот е должен претходно јавно да распише конкурс заради утврдување на подобноста на заинтересираните стопански организации за учествување во наддавањето.

Решение за тоа дали некој објект може да се смета како специјален објект, донесува комисијата што го ревидирала и одобрила проектот на односниот градежен објект

Член 39

Конкурсот се објавува согласно со членот 10 од овој правилник и со него се повикуваат заинтересираните стопански организации да поднесат податоци за расположивите стручни кадрови, за средствата и искуството што го имаат во градењето на објекти од тој вид, како и други услови и податоци што можат да влијаат врз одлуката за подобноста.

Срокот за поднесување пријава може да изнесува од 15—30 дена од денот на објавувањето на конкурсот.

Член 40

Пријавите пријави ги цени комисијата што ја формира инвеститорот.

Комисијата се состои од најмалку пет лица, од кои мораат да бидат: едното — овластен стручњак што ќе го определи републичкото стручно градежно здружение, второто — проектант и третото — еден овластен стручњак. Другите членови ги именува инвеститорот од редовите на стручњаци за извршување на односните работи.

Член 41

Комисијата за оценување на подобноста е должна во срок од 10 дена по заклучувањето на приемот на пријавите да ги прегледа пријавите пријави и на инвеститорот да му поднесе извештај за тоа

Конкурсот се смета дека успеал ако комисијата најде дека најмалку тројца понудувачи се подобни за изведување на односните работи.

Член 42

Инвеститорот е должен во срок од 5 дена по приемот на извештајот од комисијата да донесе решение за тоа кој може да учествува во наддавањето за изведување на односните работи.

Против решението од претходниот став заинтересираните стопански организации можат во срок од 15 дена по доставувањето на решението да му поднесат жалба на органот на управата надлежен за работите на градежништвото на онаа политичкотериторијална единица чиј орган ја одобрил инвестиционата програма.

Член 43

Кога решението за тоа кој може да учествува во наддавањето ќе стане конечно во управната постапка, инвеститорот го распишува јавното наддавање.

На ова наддавања се применуваат одредбите од главата II на овој правилник, со тоа наддавањето да не мора да се објавува туку поканата да може непосредно писмено да им се достави на одбраните понудувачи, и како најповолен понудувач да се смета оној што поднесол најевтина понуда.

Член 44

Ако конкурсот за подобноста не успее или на наддавањето не дојдат потребен број одбрани понудувачи, јавното наддавање ќе се објави според одредбите од главата II на овој правилник како да не е одржан конкурсот.

Решението за тоа инвеститорот е должен во срок од 3 дена да им го достави на сите учесници во конкурсот.

IV. СОБИРАЊЕ ПОНУДИ И НЕПОСРЕДНА ПОГОДБА

Член 45

Ако отстапувањето на изведувањето на работите се врши врз основа на собирање понуди, инвеститорот е должен да повика писмено што повеќе соодветни стопански организации да ги поднесат своите понуди во срок од најмалку 7 дена, а пои склучување на договор може да пристапи ако добие понуди од најмалку 3 стопански организации.

Ако првото повикување не успее, инвеститорот е должен да го повтори собирањето на понуди. Ако ни второто повикување не успее, инвеститорот може да склучи договор и врз основа на непосредна погодба.

Член 46

Собраните понуди ги цени комисијата формирана согласно со членот 19 од овој правилник.

Во сé друго врз отстапувањето на изведувањето на работите врз основа на собирање понуди согласно се применуваат одредбите на одделите 1, 2 и 4 од главата II на овој правилник.

Член 47

Ако остапувањето на изведувањето на работите се врши со непосредна погодба, инвеститорот е должен пред пристапувањето кон изведување на работите да склучи со изведувачот писмен договор врз основа на општите услови и градежната дозвола издадена од надлежниот орган.

Отстапувањето на изведувањето на работите може да се изврши со непосредна погодба и во случај на примена на одредбата од членот 4 точка 3 на овој правилник, ако органот на управата надлежен за работите на градежништвото на онаа политичкотериторијална единица чиј орган ја одобрил инвестиционата програма, определил дека отстапувањето на изведувањето на работите треба да се изврши со непосредна погодба.

V. СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР

Член 48

Инвеститорот е должен во срок од 10 дена, откога решението за отстапувањето на изведувањето на работите врз основа на јавното наддавање, собирањето на понуди или на непосредната погодба ќе стане конечно да склучи писмен договор со понудувачот на кој според тоа решение треба да му се отстапи изведувањето на работите.

Потврдата за тоа дека решението станало конечно, ја издава органот надлежен за решавање по жалбата против тоа решение.

Член 49

Општите и техничките услови за изведување работи по кои е одржано јавното наддавање се составен дел од договорот.

Со договорот не можат да се менуваат условите по кои е одржано јавното наддавање.

Во договорот ќе се наведе дека единичните цени, постигнати на јавното наддавање, се задолжителни за вршење пресметување на работите во согласност со општите услови.

Член 50

Инвеститорот е должен по склучувањето на договорот да му ја врати на изведувачот положената кауција.

Ако изведувачот одбие во срокот од членот 48 на овој правилник да склучи договор, инвеститорот може да ја задржи положената кауција, а ако инвеститорот во тој срок не пристапи кон склучување на договор, изведувачот се разрешува од своите обврски што ги има спрема инвеститорот, задржувајќи го правот на надоместокот за предизвиканата штета.

VI. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 51

Инвеститорот и изведувачот ќе се казнат за прекршок со парична казна до 10.000 динари ако склучат договор за изведување на работите противно на одредбите од овој правилник.

За дејствијата од претходниот став ќе се казни со иста казна и раководителот на стопанската организација, како и друго одговорно лице во онаа стопанска организација.

Административно-казнената постапка се води според одредбите од Основниот закон за прекршоците.

VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 52

На отстапувањето на градежните работи од страна на државни органи и установи во вредност до 10 милиона динари се применуваат одредбите од главата VIII на Уредбата за извршување на буџетот и за сметководственото работање на државните органи и установи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 35/55).

Член 53

Одредбите од овој правилник нема да се применуваат на јавните наддавања што се во тек и на договорите за градење склучени пред влегувањето во сила на овој правилник.

Член 54

Овој правилник влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 170
21 февруари 1957 година
Белград

Секретар за индустрија
на Сојузниот извршен совет,
Маријан Цветковиќ, с. р.

152.

Врз основа на главата XXV одделот 1 под а) од Сојузниот општествен план за 1957 година и точ. 1 и 2 од Одлуката за продажните цени на јагленот („Службен лист на ФНРЈ", бр. 30/56), издавам

НАРЕДБА

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА РЕШЕНИЕТО ЗА НАЈВИСОКИТЕ ПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА ЈАГЛЕНОТ ЗА ОДДЕЛНИ РУДНИЦИ НА ЈАГЛЕН

1. Во Решението за највисоките продажни цени на јагленот за одделни рудници на јаглен („Службен лист на ФНРЈ", бр. 33/56 и 39/56), се вршат следните измени и дополненија:

Вид јаглен	Рудник	Назив на сортиментот	Елементи на квалитетот во %			Највисока продажна цена на јагленот во дин./тона
			Пепел	Влага	Сумпор	
I. Камен:						
Истарски јагленокопи (Раша, Лабин, Пичан)		парче	11,00	2,00	10,30	7.400
		коцка	11,00	3,00	10,20	7.200
		орев	10,00	4,00	10,29	7.000
		грав	9,00	5,00	10,45	6.800
		ситен-пран	7,00	10,00	9,86	6.600
		ситен-непран	14,00	6,00	9,25	5.700
		цвет — Раша	14,80	18,50	9,00	3.830
		цвет — Пичан	14,00	16,00	9,00	4.300
II. Мрки:						
Кажањ: — сепарација Кажањ		парче	25,00	8,50	2,10	5.400
		коцка	26,00	9,00	2,30	5.150
		орев	26,00	11,00	2,00	4.500
		грав	29,00	14,00	1,80	2.900
		ситен	30,00	15,50	1,60	1.750
		прав	30,00	20,00	1,68	1.650
		ровен	32,00	8,00	1,90	4.000
		отпаден	53,00	16,00	1,90	400
— новата сепарација во Катиќи		коксен	10,60	14,70	1,60	9.500
		коцка/орев	23,50	12,50	1,80	4.900
		котловски „А"	41,60	15,30	1,90	1.200
— старата сепарација во Катиќи		парче	25,00	9,00	2,10	5.400
		коцка	29,00	10,00	2,30	4.800
		орев	33,00	12,00	2,00	4.000
		ситен	30,00	13,00	2,00	1.600
Јанкова клисура Кањижарица		ровен	12,96	9,17	1,92	4.500
		парче	11,50	23,06	2,19	4.620
		коцка	13,30	26,57	2,40	4.070
		орев	17,80	27,70	2,14	3.620
		грав	23,40	27,40	2,08	2.420
		ситен	23,90	28,30	1,99	2.050
Крапина		прав	24,30	29,60	1,98	1.340
		крупен	13,50	15,00	2,50	5.500
		орев	16,30	16,40	2,50	4.500
		ситен	22,26	19,85	2,50	2.500
		ровен решеткаест	17,47	16,50	2,50	5.000
		ровен	15,30	17,50	2,50	4.500
Печовник		парче	8,39	19,00	1,62	6.230
		коцка	13,48	20,47	1,40	6.270
		орев	9,60	20,35	1,65	5.620
		грав	10,50	19,00	1,55	4.800
		гриз	13,39	18,00	1,76	3.700
		прав	16,29	18,00	2,09	2.300
Иван Поље		парче	16,80	15,46	1,80	5.800
		орев	22,85	14,92	1,60	5.150
		грав	32,66	15,85	1,50	4.050
		ситен	33,00	15,80	1,40	2.800
		ровен	21,74	18,44	1,65	4.900
Угљевик: — басен Мезграја		парче	15,72	26,45	7,24	4.200
		коцка	15,45	26,33	6,15	3.600
		орев	16,10	27,19	4.49	2.200
		ситен	16,78	26.41	3.86	1.000
— басен Угљевик		парче	14,50	38,46	6,25	3.600
		коцка	16,93	36,95	6.41	3.200
		орев	18,35	29,80	4,65	1.800
		ситен	18.65	29,20	4.00	800
Зеница		парче	20,83	17,75	3,08	4.950
		коцка	20,99	20,36	3,27	4.850
		орев	20,23	17,42	3,85	4.350
		грав	20,64	19,70	3.80	3.400
		ситен	30,39	23,64	3,76	2.560
		прав	27,72	26,48	3,60	1.250
III. Лигнит:						
Звиздар		крупен	4,00	50,00	0,50	2.050
Било—Питомача: — басен Оштра Коса		парче	8,92	43,47	2,24	3.220
		орев	8,33	41,71	1,37	2.720
		грав	14,61	41,04	1,23	1.800
		ситен	18,25	38,96	1,14	1.000
— басен Стара Колона		парче	7,75	33,39	2,21	3.800
Нова Градишка		парче/коцка	6,10	26 60	1,10	3.600
		ситен од 40 мм	6,22	40,50	0,91	1.900

2. Во точката 1 под III наместо називот „Суботички рудници" треба да стои: „Стубички рудници".

3. Со влегувањето во сила на оваа наредба престануваат да важат одредбите од Решението за највисоките продажни цени на јагленот за одделни рудници на јаглен („Службен лист на ФНРЈ"

бр. 33/56 и 39/56) доколку се во спротивност со одредбите од оваа наредба.

4. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 910
6 март 1957 година
Белград

Директор
на Сојузниот уред за цени,
Јован Крстев, с. р.

По извршеното сравнување со изворниот текст утврдено е дека во Одлуката за употреба на средствата на вишокот остварен кај Сојузниот завод за социјално осигурување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 10/57) се поткрала долу наведената грешка, та се дава

ИСПРАВКА

НА ОДЛУКАТА ЗА УПОТРЕБА НА СРЕДСТВАТА НА ВИШОКОТ ОСТВАРЕН КАЈ СОЈУЗНИОТ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

По точката 4 треба да се додадат изоставените зборови: „Сојузен завод за социјално осигурување", а под овие зборови изоставените потписи, и тоа: од десна страна: „Претседател, Илија Дошен, с. р.", а од лева страна: „Директор, Зденко Хас, с. р.", а под овие потписи зборот: „согласен".

Од Сојузниот завод за социјално осигурување, 14 март 1957 година, Белград.

РЕШЕНИЈА

Врз основа на членот 39 од Законот за државната управа, а во врска со членот 26 од Уредбата за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет, Сојузниот извршен совет донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА СЕКРЕТАРОТ ЗА ТРУДОТ НА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

Се разрешува од должноста на секретар за трудот на Сојузниот извршен совет Франц Попит, заради одење на нова должност.

Б. бр. 2524
13 март 1957 година
Белград

Сојузен извршен совет

Го заменува секретарот, Потпретседател,
Мома Марковиќ, с. р. **Александар Ранковиќ**, с. р.

Врз основа на членот 79 став 1 од Уставниот закон и членот 23 став 5 од Уредбата за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет, Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА СЕКРЕТАРОТ ЗА ТРУДОТ НА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

Секретарот за трудот на Сојузниот извршен совет, до назначување на нов секретар, ќе го заменува Спасоје Велимировиќ, помошник на државниот секретар во Секретаријатот за трудот на Сојузниот извршен совет.

Б. бр. 2525
13 март 1957 година
Белград

Сојузен извршен совет

Го заменува секретарот, Потпретседател,
Мома Марковиќ, с. р. **Александар Ранковиќ**, с. р.

Врз основа на членот 24 став 1 од Законот за данокот на приходи од авторски права и за фондот за унапредување на културните дејности („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/54), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ШТО УПРАВУВА СО СОЈУЗНИОТ ФОНД ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КУЛТУРНИТЕ ДЕЈНОСТИ

1. За членови на Комисијата што управува со Сојузниот фонд за унапредување на културните дејности се именуваат, и тоа:

за претседател
Пуниша Перовиќ, сојузен народен пратеник,

за членови:
Милорад Паниќ-Суреп, секретар на Советот за култура на НР Србија,
Аница Магашиќ, секретар на Советот за култура и наука на НР Хрватска,
Владо Водопивец, секретар на Советот за култура и просвета на НР Словенија,
Хасан Грапчановиќ, секретар на Советот за култура на НР Босна и Херцеговина,
Коле Чашуле, секретар на Советот за просвета и култура на НР Македонија,
Блажо Савиќевиќ, секретар на Советот за просвета и култура на НР Црна Гора,
Лепа Перовиќ, државен советник во Секретаријатот за просвета и култура на Сојузниот извршен совет,
Оскар Данон, диригент,
Ѓорѓе Андреевиќ-Кун, сликар,
Добрица Косиќ, книжевник.

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Сојузен извршен совет

Б. бр. 2513
12 март 1957 година
Белград

Секретар, Потпретседател,
Вељко Зековиќ, с. р. **Александар Ранковиќ**, с. р.

Врз основа на членот 23 став 5 од Уредбата за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет, Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И НАЗНАЧУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНАТА АРХИВА НА ФНРЈ

1. Се разрешува од должноста директор на Државната архива на ФНРЈ Јован Марјановиќ, заради заминување на нова должност.

2. Се назначува за директор на Државната архива на ФНРЈ Фрањо Биљан, потполковник на Југословенската народна армија.

Б. бр. 2511
12 март 1957 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, Потпретседател,
Вељко Зековиќ, с. р. **Александар Ранковиќ**, с. р.

ОД СЛУЖБЕНИТЕ ЛИСТОВИ НА НАРОДНИТЕ РЕПУБЛИКИ

СЛУЖБЕНИ ГЛАСНИК НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ СРБИЈЕ

„Службени гласник Народне Републике Србије" во бројот 7 од 16 февруари 1957 године објавува:

Уредба за управување со фондовите за унапредување на селското стопанство на автономните единици;

Одлука за патните трошоци на членовите на собранието на Републичкиот завод за социјално осигурување — Белград;

Одлука за измена на точката 1 од Одлуката за расподелба на општата норма на придонесот за социјално осигурување.

Во бројот 8 од 23 февруари 1957 година објавува:

Решение за измени и дополненија на Решението за утврдување бројот на членовите на Републичкиот совет за народно здравје и за именување членови на тој совет;

Решение за назначување на постојани судски вештаци за 1957 година на територијата на Автономна Покраина Војводина;

Упатство за извршување на Уредбата за начинот на обезбедување дополнителни средства за обезбедување правата на лицата привремено вон работен однос и за други потреби на службата за посредување на трудот;

Исправка на Одлуката за привремено финансирање државните потреби на Народната Република во периодот јануари-март 1957 година;

Исправка на Законот за измени и дополненија на Законот за подрачјата на околиите и општините во Народна Република Србија.

Во бројот 9 од 28 февруари 1957 година објавува:

Одлука за одобрување Статутот на Занаетчиската комора на Народна Република Србија;

Одлука за одобрување завршната сметка на инвестиционот фонд на Народна Република Србија за 1955 година;

Одлука за потврда на Уредбата за измени и дополненија на Уредбата за организацијата и работењето на Извршниот совет на Народната скупштина на Народна Република Србија;

Одлука за уважување оставката и за определување дополнителен избор за упразнетото место на народен пратеник на Соборот на производителите на Народната скупштина на Народна Република Србија;

Одлука за разрешување од судиска должност на судии на окружните судови;

Одлука за избирање судии на окружните судови и на окружните стопански судови;

Одлука за избирање на повремени судии на Вишиот стопански суд во Белград;

Наредба за забрана на основање откупни станици за купување и промет на сурова кожа на подрачјето на Општината Крушевац, околијата Крушевац;

Решение за прогласување на минералната вода во Бечеј за лековита вода;

Решение за ставање под заштита на државата состоините на еловата и буковата шума на планината Малиник;

Решение за ставање под заштита на државата пештерата наречена „Баќина Пеќина“;

Решение за распишување дополнителни избори за избирање народен пратеник на Соборот на производителите на Народната скупштина на Народна Република Србија за Изборната околија Шабац;

Правилник за крчење на шумите;

Правилник за изнесување на шумски производи од шума;

Правилник за собирање шушки и мов во шумите;

Правилник за сечење лисници и одгледување на лиснички шуми;

Правилник за одобрување на редовните и летните сечења на дубечките стебла во шумите;

Извештај за резултатот на дополнителниот избор за народен пратеник во Соборот на производителите на Народната скупштина на Народна Република Србија.

НАРОДНЕ НОВИНЕ
СЛУЖБЕНИ ЛИСТ НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ ХРВАТСКЕ

„Народне новине“, службени лист Народне Републике Хрватске, во бројот 5 од 12 февруари 1957 година објавуваат:

Наредба за срокот и начинот за уплата на придонесот за кадрови што го уплатуваат земјоделските задруги;

Решение за распишување дополнителни избори за избирање на народни пратеници во Републичкиот собор на Саборот на Народна Република Хрватска;

Решение за именување постојана изборна комисија за спроведување на изборите за одборници на народните одбори во околијата Кутина;

Решение за распишување дополнителни избори за еден одборник на Општинскиот собор на Народниот одбор на општината Винковци;

Решение за распишување дополнителни избори за четири одборници на Соборот на производителите на Народниот одбор на општината Стари Град — Риека;

Решение за основање здравствени станици Чаглин и Орљавац;

Исправка на Наредбата за генералниот план за одбрана од поплава за 1957 година.

Во бројот 6 од 15 февруари 1957 година објавуваат:

Општествен план на Народна Република Хрватска за 1957 година;

Закон за буџетот на Народна Република Хрватска (републичкиот буџет) за 1957 година;

Закон за завршната сметка за извршувањето на буџетот на Народна Република Хрватска за 1955 година;

Закон за намената и управувањето со Фондот за унапредување на културните дејности;

Закон за ветеринарната служба;

Закон за измени и дополненија на Законот за подрачјата на околиите и општините во Народна Република Хрватска;

Одлука за овластување Законодавниот одбор на Републичкиот собор за доведување во согласност на одредбите во управната постапка од републичките закони со одредбите на Законот за општата управна постапка;

Одлука за определување срокот за распишување редовните избори за работнички совети во 1957 година;

Решение за прогласување на Домот на ученици на бабичкото училиште во Риека за установа со самостојно финансирање;

Решение за прогласување на „Народна апотека“ во Плетерница за установа со самостојно финансирање;

Решение за основање здравствени станици Плетерница и Окучани.

Во бројот 7 од 22 февруари 1957 година немаат службен дел.

Во бројот 8 од 28 февруари 1957 година објавуваат:

Одлука за измена на Одлуката за плаќање на хонорарната настава и на прекувремената работа на факултетите и академиите;

Решение за основање Здравствена станица во Бује;

Решение за прогласување на Здравствената станица Миховљан за установа со самостојно финансирање.

УРАДНИ ЛИСТ НА ЉУДСКА РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА

„Уредни лист на Људска Република Словенија“ во бројот 3 од 7 февруари 1957 година објавува:

Општествен план на Народна Република Словенија за 1957 година;

Закон за буџетот на Народна Република Словенија (републичкиот буџет) за 1957 година;

Одлука за привремено финансирање на републичките потреби во I тримесечје на 1957 година;

Одлука за потврда на статуите на околиите;

Одлука за основање Околиски суд во Ракек и за неговата месна надлежност;

Одлука за избор на судија на Окружниот суд во Ново Место и на судии на окружните стопански судови во Целје и Љубљана;

Одлука за избор на привремен судија на Вишиот стопански суд на НРС;

Одлука за разрешување на судија на Окружниот суд во Ново Место, на судија на Вишиот стопански суд на НРС и на судии на окружните стопански судови во Целје и Марибор;

Одлука за определување делот од добивката што го уплатуваат издавачките и новинско-издавачките претпријатија во фондот на НР Словенија за унапредување на издавачката дејност;

Решение за разрешување на помошен секретар во Секретаријатот за општи стопански работи на Извршниот совет и на директорот на Управата за инвестиции на НРС;

Решение за распишување дополнителни избори за пратеници на Републичкиот собор на Народна Република Словенија во 1 изборна единица;

Решение за распишување дополнителни избори за пратеници на Соборот на производителите на Народното собрание на Народна Република Словенија во 13 изборна единица на производителната група индустрија, трговија и занаетчиство.

СЛУЖБЕНИ ЛИСТ НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ БОСНЕ И ХЕРЦЕГОВИНЕ

„Службени лист Народне Републике Босне и Херцеговине“ во бројат 4 од 8 февруари 1957 годидина објавува:

Уредба за недоместо̀кот на трошоците на судиите поротници;

Уредба за околиските противпожарни фондови;

Уредба за посебни ловишта;

Одлука за утврдување срокот за распишување избори за работнички совети на стопанските претпријатија на територијата на Народна Република Босна и Херцеговина;

Одлука за измени и дополненија на Одлуката за хонорарната настава на вишите педагошки школи;

Правилник за дополнение на Правилникот за водење на старателските книги;

Решение за новиот састав на Архивскиот совет на НР БиХ;

Решение за разрешување и назначување на Јавниот правобранител на НР БиХ;

Исправка на Решението за основање шумски стопанства.

Во бројот 5 од 15 февруари 1957 година објавува:

Упатство за книжење на обложените и наплатените даноци.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Народна Република Македонија“ во бројот 2 од 26 јануари 1957 година објавува:

Одлука за укинување на Одборот за школство, просвета и култура на Извршниот совет;

Решение за разрешување и именување на претседател на републичкиот Совет за просвета и култура;

Решение за разрешување и именување претседател на републичкиот Совет за школство;

Објава за потврди на кандидатурата за народен пратеник.

Во бројот 3 од 5 февруари 1957 година објавува:

Одлука за определување процентот од годишниот износ на данокот на доход што ќе се наплатува во првото, второто, третото и четвртото тримесечје на 1957 година;

Одлука за ставање вон сила на одредба од Одлуката за определување установите спрема кои определените права и должности ги врши републичкиот Совет за просвета и култура;

Решение за преносот на управувањето со Републичкиот фонд за патиштa врз Дирекцијата за патиштa на НР Македонија;

Решение за разрешување и именување директор на Управата на водостопанството;

Програма за полагање на стручниот испит за звањето квалификуван и висококвалификуван работник во прехранбената струка;

Исправка на Одлуката за нормите на придонесот за кадрови што го плаќаат стопанските организации за вршење административни и интелектуални услуги.

Во посебно издание на „Службен лист на ФНРЈ“ излезе од печат

Додаток на „Службен лист на ФНРЈ“ бр. 13

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ И РАБОТИ

Издание на латиница.

Цена 70 динари.

Порачки прима Комерцијалното одделение на „Службен лист на ФНРЈ“, Краљевића Марка бр. 9, жиро сметка 1032-Т-220.

СОДРЖИНА:

Страна

145. Уредба за фондовите за кадрови во стопанството — — — — — — — — — 221
146. Уредба за увоз и промет на патнички автомобили и моторцикли — — — — 226
147. Уредба за измени и дополненија на Тарифата за данокот на промет — — — 226
148. Одлука за одобрување кредити на индивидуалните селскостопански производители што во 1956 година претрпеле штета од елементарни непогоди — — — — 227
149. Наредба за измени и дополненија на Наредбата за спроведување на Уредбата за покривање на загубите што селскостопанските организации ќе ги претрпат од вонредните поплави и подземните води 227
150. Наредба за измени и дополненија на Наредбата за постапувањето со странските средства за плаќање што производните организации на машиноградбата, на електромашинската индустрија и на бродоградежната индустрија како и на производните организации на бродоградбата ќе ги остварат со извоз на опрема и услуги — 228
151. Правилник за отстапувањето на градежни објекти и работи на изведување — 228
152. Наредба за измени и дополненија на Решението за највисоките продажни цени на јагленот за одделни рудници на јаглен 233

Исправка на Одлуката за употреба на средствата на вишокот остварен кај Сојузниот завод за социјално осигурување — 234

Издава Новинска установа „Службен лист на ФНРЈ“, Белград, Улица Краљевића Марка бр. 9. Директор и одговорен уредник Слободан М. Нешовић, Улица Краљевића Марка бр. 9. Печат на Белградскиот графички завод, Белград